# Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија

## Која е целта?

Проектот ќе им помогне на властите во Северна Македонија во надминување на недостатоците поврзани со заштитата на човековите права преку јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања.

## Кој има придобивки од проектот?

Проектот ќе се спроведува во соработка со Министерството за правда (Управа за извршување на санкциите), Јавното обвинителство, канцеларијата на Народниот правобранител и Министерството за здравство. Истовремено проектот ќе инволвира главни партнери и релевантни чинители, вклучувајќи ги и граѓанските организации. Граѓаните ќе имаат корист од проектот насочен кон градење на похумано општество кое ги почитува и штити правата на задржаните и осудените лица согласно со стандардите на Советот на Европа.

## Како функционира проектот?

Со цел подобро да се заштитат правата на осудените лица, проектот директно го поддржува спроведувањето на препораките од последниот извештај на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем и Стратегијата за спречување на насилен екстремизам преку прилагоден пристап и размена на искуства со партнерите. Проектот се надоврзува на резултатите од соработката постигнати со двата претходни проекти на ЕУ и Советот на Европа, имено „Јакнење на заштитата на правата на осудените лица'' и „Јакнење на почитувањето на човековите права при полициското постапување" кои беа спроведени во периодот 2016 – 2019 г.

## Кои се очекувањата од проектот?

Проектот ќе придонесе кон создавање побезбедно и похумано општество преку:

- Подобрување на капацитетот на директорите и персоналот против радикализација во затворите
- Подобрување на третманот и ресоцијализацијата на осудените лица
- Јакнење на здравствената заштита во затворите
- Зголемување на капацитетите на персоналот на надворешниот механизам да спроведува истраги по случаи на несоодветно постапување од страна на полицијата

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

## Колкав е буџетот?

- Вкупниот буџет на проектот изнесува 1.050.000 Евра
- Буџетот наменет за севкупната програма на Horizontal Facility изнесува приближно 41 милиони Евра (85% финансиран од Европската унија, 15% финансиран од Советот на Европа).

## Како до повеќе информации?

- Одделение за кривично-правна соработка https://www.coe.int/en/web/criminal-law-coop
- Веб страна на Horizontal Facility: https://pjp-eu.coe.int/en/web/horizontal-facility/home
- Ѓакуш Кабаши, Проектен раководител/Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Gjakush.KABASHI@coe.int; +389 2 3100 329
- Марија Симиќ, лице за комуникации за Horizontal Facility, Marija.SIMIC@coe.int, +381 63 601 337
- Бесник Бака, лице за комуникации за Horizontal Facility, Besnik.BAKA@coe.int, +355 69 217 8430

## За Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција

„Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција 2019-2022" е заедничка иницијатива на Европската унија и Советот на Европа која им овозможува на корисниците да ги остварат своите реформски агенди во областа на човековите права, владеење на правото и демократијата и да се усогласат со европските стандарди, вклучително, и во рамки на процесот на проширување на ЕУ. Оваа тригодишна програма покрива проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Турција, како и Косово* и истата ја спроведува Советот на Европа од мај 2019 г.

** Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 земји-членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите земји-членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата кај земјите-членки.

**www.coe.int**

Земјите-членки на Европската унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со државите и народите и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

*Овој леток е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и Советот на Европа. Тука споделените гледишта не треба да се сметаат за официјално мислење на ниту една од двете страни.*

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа